**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 март 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не влегле во салаата да повелат да влезат во салата, да ги заземат своите места за да можеме да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум за работа).

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои сеуште не се влезени во салата да влезат за да можеме да почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Никола Рилковски, Гоце Марковски, Верица Филипова, Горан Мисовски, Лилјана Поповска, Илија Димовски, Александар Николовски и Фијат Цановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има само 60 пратеници.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за работа).

Продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Никола Рилковски, Гоце Марковски, Верица Филипова, Горан Мисовски, Лилјана Поповска, Илија Димовски, Александар Николовски и Фијат Цановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за катастар за недвижности, со Предлог на закон -** продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски е заклучен.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 16, воздржано нема, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи истиот е поврзан со еден од претходните што не се прифати на член 9 став 2 и од тие причини и овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер за правда господин Сашо Василевски, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете госпоѓо Иванов аимате збор.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман баравме мандато на членовите на Управен одбор наместо 5 години да трае 4 години, затоа што сметаме дека не може и не треба да дозволиме траењето на мандатот за членовите на Управен одбор да биде подолг или да го надживее мандатот на оние кои ќе го номинираат и оние кои го избираат Управниот одбор.

Бараме подршка од пратениците овој амандман да биде изгласан, затоа што сметаме дека треба да се усогласи траењето на мандатите на оние кои што го даваат мандатот и оние кои што го носат мандатот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Господине Спасовски, повелете, имате збор.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван заменик министер, и во дискусијата по општиот претрес на овој закон кажав дека ако намерата е да покажете дека ќе создадете Агенција која што би била ефикасна, независна и т.н., не е доволно единствената работа која што сте ја направиле во овој закон да има мандат директорот и заменикот и членовите на Управниот одбор 5 години мандат и со тоа да кажете еве, сакаме со тоа што ќе премине во друг мандат да покажеме дека овие луѓе ќе работат сосема независно, врз основа на закон и т.н и дека Агенцијата ќе биде направена многу поефикасна.

Имајки ги предвид другите одредби што се ставени во овој закон, за кои и вие во општата расправа при поставувањето на многубројни прашања не дадовте одговор, мислам дека овој амандман требаше да го прифатите со тоа што како на сите други институции так аи на оваа институција мандатот на членовите на Управниот одбор да биде 4 години. Нема апсолутно потреба да го правиме со 5 години заради тоа што не покажуваме ништо во напредокот на ефикасноста и на работењето на овој орган.

Токму заради тоа мислам дека треба да го прифатиме овој амандман и барам подршка од колегите пратеници да го усвоиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата, зошто не очекува гласање.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 13, воздржани нема, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 4 за менување на алинејата 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин заменик министер.

**Сашо Василевски:** Благодарам.

Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 4 за бришење на алинејата 6, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин заменик министер.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман, а за збор се јави господин Спасовски.

Повелете господине Спасовски имате збор.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој амандман го поднесовме заради тоа што онака како што е предложена оваа алинеја на ставот 4 од членот 10, само е уште едно барање на аргумент заради што ќе може да се разреши некој член на управен одбор, што апсолутно не е аргумент во целата состојба. Потпаѓа токму под една друга алинеја што е после оваа. Ќе ги прочитам и двете за да се види дека се обременува овој член и ова законско решение со непотребни алинеи што ги додавате.

Алинејата што предлагаме да се брише гласи: “Доколку се утврди дека при извршување на функцијата сам или заедно со друг член на управниот одбор дејствува спротивно на основните цели на законот а што може да се утврди од извештајот на ревизирот за степенот на постигнување на законските надлежности на агенцијата”.

Дали, го прашувам заменикот министер, ова не потпаѓа под решението “поради нестручно, непрофесионално и несовесно извршување на функцијата претседател и член на управниот одбор на полето на материјално и финансиско работење, констатирано во извештајот на ревизорот? Зошто ви се потребни две алинеи со иста содржина? Само да кажувате дека имате шест услови по кои ќе може да се смени член на управниот одбор? Апсолутно, без никаков аргумент амандман да не се прифати или оставате некоја алинеја за која што и самите не знаете зошто сте ја ставиле во овој закон?

Нема доволна причина со која што ќе можете да ме убедите дека оваа алинеја треба да биде дел од овој член и да стои како услов за разрешување на член на управниот одбор. Ако има една разлика помеѓу овие две алинеи и ако тоа не е истиот услов поради што ќе барате разрешување на било кој член, јас ќе прифатам таков аргумен, ако ме убедите. Меѓутоа, нема аргументи со кои ќе можете ова да го прикажете. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот заменик министер има збор, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Сакам да расчистиме една дилема дека станува збор за два различни случаеви.

Првиот случај е кога претседателот односно членот на управниот одбор ќе биде разрешен пред истекот на неговиот мандат, поради дејствување спротивно на основните цели на законот, поради остварен несоодветен степен на постигнување на законските надлежности.

Додека, вториот случај е кога работел непрофесионално и несовесно на полето на материјално-финансиското работење.

Така, за да не е можеби пратеникот во таа дилема. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Спасовски, имате реплика, вашите три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Апсолутно не гледам два случаи во кои што едниот услов е за разрешување додека е на функција, а вториот услов, ве прашувам, кога се разрешува? Ако работи несовесно, непрофесионално и нестручно? Ќе го оставите да заврши мандатот па после ќе го разрешите?

Значи, немате аргумент. Нестручното работење е исто тоа дека делува спротивно на основните цели на законот. И непрофесионално и несовесно. Тоа е истиот аргумент.

Ако сакате да ги броите и да кажете дека ние наведовме шест основи врз основа на кои ќе може да разрешиме член на управен одбор, нема проблем. Тоа е ваша политика и на вашата влада, без апсолутно анализи на решенија, како што немате одговор за многу други прашања, немате одговор и за ова прашање.

Само да ви кажам, за добри закони тврдоглавоста никогаш не е сојузник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници за време на гласањето да можеме да го прогласиме гласањето за валидно.

(Службите доставуваат точен број на пристуни пратеници)

Бидејќи во моментот на гласањето имаше 56 пратеници, гласањето не е валидно.

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието а сеуште не се влезени во салата за влезат во салата за да можеме да гласаме.

(Пратеници влегуваат во салата)

Бидејќи во салата имаме доволен број на присутни пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 12, воздржани нема, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 4 за бришење на алинејата 6, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 алинеја 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин заменик министер.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се бара допрецизирање што треба да има завршено директорот. Се предлага да биде дипломиран градежен инженер или дипломиран правник. Сметаме дека е сосема небитно што точно треба да биде прецизирано. Потребно е, пред се, да има менаџерски способности потребни за управување со агенцијата, што ќе биде оценето при неговиот избор.

Од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

Повелете госпоѓа Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Навистина сум изненадена зошто претставникот на предлагачот овој амандман не го прифати. Не држат аргументите и образложенијата дека требало директорот на агенцијата, сега, да има менаџерски способности. Како ќе се утврдуваат тие менаџерски способности?

Или, даречеме формулација да има “завршено најмалку високо образование”, значи дека кога ќе се распише оглас за директор на агенцијата, може на огласот да конкурира рамноправно со сите останати кандидати и човек кој е академски сликар. По кој основ ќе биде одбиен дека не ги исполнува условите и дали може академски сликар, нека ми простат, особено ги почитувам, но во оваа област дали може академски сликар кој, согласно овој амандман, оваа формулација ги исполнува условите да биде директор на агенцијата, дали може тој успешно да ја води агенцијата?

До сега, од постоењето, ние ништо ново не измислуваме, топла вода не измислуваме. До сега, Државниот завод за геодетски работи или порано се викаше Катастар, ги менувал називите, секогаш услов да се биде директор на овој завод или на Катастарот било да биде кандидатот дипломиран правник или геодетски инженер од причина што овде материјата што треба да се работи и да се познава е правна или од областа на геодезијата.

Јас не знам како во практичната примена ќе се применува овој став, бидејќи навистина не не прецизен и бидејќи многу кандидати исполнуваат услови согласно законот, но нема да можат да бидат во состојба да ја извршуваат оваа работна задача. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го затворам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 13, воздржани 2, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 алинеа 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Сашо Василевски.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господин Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Навистина не ми е јасно зошто не се прифаќа овој амандман.

Би било упатно предлагачот да ни објасни зошто не се прифаќа овој амандман. Имено, ако Агенцијата е стручен орган во чии рамки веќе од утре, значи во сегашниот државен завод за катастар има повеќе од 100 дипломирани правници кои вршат работи на запишување на права на недвижности во областа на правото кое можеби е една од најкомплексните иако навистина ова е реформски закон, законот кој навистина се очекуваат позитини реформи во Република Македонија, јас мислам дека подразбира и стручност на сите тие нивоа. Не гледам причина зошто директорот на Агенцијата треба да има завршено музично образование или да биде дипломиран биолог и дека тој ќе биде постручен и поподобен за вршење на оваа функција отколку некој дипломиран правник или пак дипломиран геодет. Ве молам, мислам дека е нормално во една ваква институција, како услов за директор да се постави и стручното познавање на областа која е предмет на регулирање на овој закон.

Почитуван заменик министер, навистина апсолутно е неважно, или многу рестриктивно би било да зборуваме дека кандидатот треба да има завршено најмалку високо образование, без разлика кое е тоа, Педагошка академија, Педагошки факултет, меѓутоа може да се случи еве на пример, како во Македонски железници каде имаме претседател на управен одбор дипломиран биолог. Ве молам, дајте да не направиме грешки. Мислам дека 5-те години работно искуство по дипломирањето, на било кое работно место, дури и во некоја приватна трговска фирма, не значат ништо за една ваква институција.

Ве молам, амандманот е понесен како дополнителен услов за функцијата директор да се постави и стручното познавање на областа. Кој би имал нешто против оваа работа, ве молам. Мислам дека не треба да ја политизираме работата и нашите партиски кадри односно вашите да планирате да ги поставувате на толку високи места, туку треба стручноста да биде аргументот број 1 кој на кое работно место ќе се наоѓа.

Ве молам уште еднаш прифатете го овој амандман во интерес на граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Навистина не знам зошто не е прифатен овој амандман.

Претседателе, јас би ве замолила ако можеме да се сослушаме, да ги замолите колегите од парламентарното мнозинство, кога ќе видат еден повеќе пријавен на дисплејот да не ја напуштаат седницата, затоа што ако во овој момент не функционира Владата, кој е многу важен пред НАТО интеграцијата, барем да покажеме дека Парламентот функционира, што би било добро потоа да не ни биде виновен некој друг за работите што им се случуваат во државата. Но, да продолжам по амандманот.

Не можам да разберам зошто заменик мининстерот не го прифати амандманот. Се надевам дека колегите од парламентарното мнозинство, овој пат ќе имаат доволно доблест да го стегнат копчето за наместо против, затоа што се работи само за допрецизирање на членот 13 каде право на учество на јавниот оглас, вели, има физично лице кое ги исполнува следните услови и се бара само да има завршено високо образование. Колегите со амандманот допрецизирале од која област да биде тоа, право или геодезија, за да не ни се случи на една ваква значајна Агенција која треба да ги решава проблемите кои до сега со години се напластени во Катастарот, да имаме лице кое нема да биде ниту стручно, ниту компетентно да може да ја обавува оваа дејност, како што ни се случи пред некој ден во Агенцијата за пошти, да избереме лица кои апсолутно не само што немаат соодветно образование туку се исклучиво партиски кадри и се што видовме од нивните биографии е дека тие се вредни, лојални, само се прашувам на кому му се лојални, дали на партиските лидери дека сакаат комуникативни и да работат со луѓе, дословно цитирам под една од биографиите.

Ако овде не ни се прецизираат условите многу лесно утре на една Агенција која со основа со намера да имаме комплетна трансформација на Катастарот, на Државниот завод за геодетски работи, каде што како што констатиравме, до сега имаше многу простор за корупција и мито. Овој пат со овој закон, наводно, се сака тоа да се надмине, иако не гледам дека законот нуди такви законски решенија, и овој пат да не ни се случи да имаме кандидат кој конкурира за директор, со тоа што во неговата биографија ќе наведе дека е конструктивен, сака да соработува со луѓе и е комуникативен и дека добро го говори македонскиот јазик, што имавме случаи во претходниот избор на Агенцијата за пошти и при

тоа далеку да биде од она што е потребно, струките кои се релевантни за да се обавува оваа така значајна функција. Мислам дека нема ништо лошо ако се прифати амандманот на колегите, каде се прецизира овој член. Лошото можам да го видам во тоа, ако веќе ВМРО-ДПМНЕ, сега не можам да речам и ДПА, значи дека се сака да се стави кадар од ДПА, затоа што веќе не се во Владата, значи ВМРО-ДПМНЕ и помалите коалициони партии, веќе не го одбрале лицето кое треба да биде директор на оваа Агенција и има завршено некое образование кое апсолутно ни по стручност ни по компетентност одговара да биде на ова работно место. Единствен услов што го исполнува е партиската книшка на ВМРО-ДПМНЕ. За да не ни се случи тоа, јас би замолила колегите од владеачкото мнозинство да го изгалсаме овој амандман затоа што верувајте тоа е многу значајна институција. Нема граѓанин во Република Македонија кој не се соочил со проблемите во Катастарот. Од друга страна исто така е значајно затоа што оваа Влада се залага за привлекување на странски инвестиции кои до овој моментн не ги видовме, се надевам дека во неко идно време можеби и ќе стигне по некоја, доколку и понатаму опстои Владата. Вака само се бркаат странските инвеститори, со неработата на оваа значајна Агенција, со закон кој не може да се имплементира.

Ве молам, размислете добро, нека не ве водат исклучиво партиските интереси затоа што не е време да се водите од партиските инстереси да ставите директор на Агенцијата кој нема да биде ниту стручен, ниту компететнте да ја обавува оваа значајна работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господиниот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Јас не знам зошто заменик минстерот овој амандман, бидејќи навистина амандманот е добар, односно овозможува стручност во Катастерот, т.е. раководните кадри кои што треба да го раководат оваа институција. Како што кажав, не ми е јасно зошто не беше прифатен амандманот. Со неприфаќање на овој амандман јас мислам дека во некој иден период ќе имаме нестручни лица односно кадри кои што ќе го раководат, односно од други области, Катастерот.

Се прашувам дали владеачкото мнозинство, барем од денес за утре е предложен овој член, да го водат кадри со завршено било кое школо, како што рече колегата Ќуркчиев. Значи според вас, заменик министер, катастарот можат да го водат и музичари, односно луѓе го музичка академија и фускултурци со завршен ДИВ, како и колегата Цветко Грозданов, што мислам дека било кој не е стручен за оваа работа од оваа власт, или сакате да ги згрижите своите кадри од владеачкото мнозинство што ги имате, а ги немате овие кадри што се предложени со овој амандман.

Се плашам и затоа се јавив, дека ќе се случи пак како во некој минат период, вработување на партиски кадри, нестручни кадри во одделни институции. Тоа го знаеме за периодот од 1998 до 2002 година дека се работеше, а најмногу беше изразено во Царината каде земјоделски техничар, машински техничар итн, стануваа царинарници, иако имавме стручни кадри. Затоа се јавив да кажам дека ова ме наведува дека и со овој предлог на Владата се оди на таа варијанта да се запослат партиски кадри.

Амандманот е добар, стручен и не знам зошто не е прифатен. Но, тука целта е јасна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Влатко Серафимовски, повелете.

**Влатко Серафимовски:** Почитуван господине претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Јас како еден од предлагачите на овој амандман, сакам да земам дел во учеството на оваа дебата и да се обидам колку е можно, барем дел од владеачкото мнозинство во вооj момент во Парламентот да го убедам, да го подржат нашиот амандман, бидејки амандманот не е поставен со никаква политичка конотација, ниту пак може некоја политичка партија да добие политички поени во овој момент во Република Македонија, туку да придонесеме текстот на закаонот да биде подобрен, се со цел, стручните луѓе да бидат на вистинско место.

Меѓутоа, гледам дека во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не ги засега барем ништо околу овој закон за катастарот, зошто не слушате колешке, треба некој не не следи што дискутираме. Затоа апелирам, бидејки се работи за област која е многу стручна и за област која што не можат да ја водат луѓе кои што немаат никакво искуство во работата од аспект на геодезија, апелираме овој амандман, ако биде прифатен од страна на пратениците во Републичкото Собрание, се со една единствена цел, дека во иднина, Агенцијата ќе ја водат луѓе, кои што се стручни и компетентни, кои што имаат завршено соодветно образование и кои што имаат работено во областа на геодезијата.

Затоа, уште еднаш ги замолувам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да дадат подршка на овој амандман, како би го подобриле текстот на законот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Божиновска имате збор, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Морам да признам дека има апсолутно, овој амандман тема за дискусија, но и говорите на моите колеги, се достатно доволно хипотетички би рекла. Така е, имаат право дека можеби би требало допрецизирање, но јас од друга страна би рекла дека ако еден директор со некакви менаџерски способности, а не е геодет, може да биде на таа функција. Апсолутно се согласувам дека до колку работи според правото и законите дека би можел.

Значи, останува варијантата дека би можел. Еве да земеме на пример, кога еден прекрасен драматург во Република Македонија, господинот Сашко Нацев, беше директор на Паркови и Зеленило. А останува хипотетичкото прашање, каков директор беше Сашко Нацев, како директор на Паркови и Зеленило. Дали тој беше добар, или лош, но беше драматург. Затоа е многу опасно во вакви дискусии, кога велиме музичар, фискултурец и т.н. Можеме да говориме за стручност и компетентност. Или, моите блиски пријателки ме прашуваат: “дали госпоѓа Весна Бендевска е правник”? Зошто, затоа што госпоѓа Весна Бендевска на сите им наликува дека е одличен правник. Зошто утре госпоѓа Весна Бендевска да не може да биде министер за култура, а е психолог по професија, колку што знам, да не биде, ако е жената стручна.

Значи, мислам дека разговараме за многу различни работи. Можеме да разговараме за одредени менаџерски способности, но не и за верификација на одредено високо образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зашто не очекува гласање.

Бидејки Собранието нема кворум, предлагам денес да ја прекинеме работата.

(Седницата прекина со работа во 13,30 часот)